НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ПРОГРАМА

## ЗА РАБОТА ЗА 2023 ГОДИНА



www.nbrm.mk

Народна банка на Република Северна Македонија

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА НАРОДНАТА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2023 ГОДИНА

Скопје, ноември 2022 година

**Содржина**

ОПШТИ ОДРЕДБИ ... 1
ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ ... 1
Стратегиска цел 1 – Унапредување на инфраструктурата за водење на монетарната политика. . 1
Стратегиска цел 2 – Задржување и натамошно јакнење на стабилноста и отпорноста на банкарскиот систем. ... 2
Стратегиска цел 3 – Поддршка на населението и корпоративниот сектор преку развивање сигурни, иновативни и ефикасни платни системи. ... 3
Стратегиска цел 4 – Унапредување на инвестициската политика и обезбедување оптимален поврат на девизните резерви согласно со принципите на сигурност и ликвидност ... 4
Стратегиска цел 5 – Приспособување кон стандардите на Европскиот систем на централни банки. ... 5
Стратегиска цел 6 – Зголемена транспарентност и отчетност. ... 5
Стратегиска цел 7 – Финансиска едукација и инклузија. ... 6
Стратегиска цел 8 – Зголемена свесност за климатските промени и придонес за зелена одржлива економија. ... 7
Стратегиска цел 9 – Зајакнување на управувањето со ризиците на ниво на Народната банка. ... 8
Институционален капацитет 1 – Интегритет и доверба во националната парична единица. ... 9
Институционален капацитет 2 – Човечки ресурси. ... 9
Институционален капацитет 3 – Информатички систем. ... 10
Институционален капацитет 4 – Статистички податоци. ... 10
Институционален капацитет 5 – Истражувачка дејност. ... 11
ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ ... 12
Прилог 1 ... 13
Прилог 2 ... 17
Прилог 3 ... 19
Прилог 4 ... 20

**ЛИСТА НА КРАТЕНКИ**

Кратенките употребени во Програмата за работа го имаат следново значење:

| | |
|---|---|
| НБРСМ | Народна банка на Република Северна Македонија |
| КГ | Кабинет на гувернерот |
| КСР | Канцеларија на советниците на раководството |
| КСП | Канцеларија за стратегија и превенција |
| ДВР | Дирекција за внатрешна ревизија |
| ДФМ | Дирекција за финансиска стабилност и макропрудентна политика |
| ДБР | Дирекција за банкарска регулатива и решавање банки |
| ДВСЛ | Дирекција за вонтеренска супервизија и лиценцирање |
| ДТС | Дирекција за теренска супервизија |
| ДЗПФЕ | Дирекција за заштита на потрошувачите и финансиска едукација |
| КСИ | Канцеларија за супервизија на информативни системи |
| ДМПИ | Дирекција за монетарна политика и истражување |
| ДСТ | Дирекција за статистика |
| ДФП | Дирекција за операции на финансиските пазари |
| ДПС | Дирекција за платни системи |
| ДФСК | Дирекција за финансии, сметководство и контрола |
| ДТР | Дирекција за трезорско работење |
| СИТ | Сектор за информатичка технологија |
| ДИТ | Дирекција за ИТ инфраструктура |
| ДАП | Дирекција за апликации |
| ОНБ | Отсек за надзор и ИТ безбедност |
| ДЧР | Дирекција за човечките ресурси |
| ДПР | Дирекција за правни работи |
| ДЈН | Дирекција за јавни набавки |
| ДТОО | Дирекција за техничко одржување и обезбедување |
| БА | Библиотека и архив |
| РГ | Работна група |
| ОЕ | Организациска/и единица/и |
| ММФ | Меѓународен монетарен фонд |
| ЕСЦБ | Европски систем на централни банки |
| ЕУ | Европска унија |
| НПАА | Национална програма за усвојување на правото на Европската унија |
| ИПА | Инструмент за претпристапна помош |
| ДЗС | Државен завод за статистика |
| ИСИДОРА | Интегриран систем за известување од страна на Народната банка, банките, штедилниците, за статистички и супервизорски цели |
| ИТ | Информатичка технологија |
| МИП | Меѓународна инвестициска позиција |
| ПП/ФТ | Перење пари/ Финансирање тероризам |
| СППФТ | Спречување перење пари и финансирање тероризам |
| МИПС | Македонски интербанкарски платен систем |
| ЦИЈИЕ | Централна, источна и југоисточна Европа |
| СВИФТ | Здружение за меѓународни меѓубанкарски финансиски телекомуникации (англ. SWIFT, Society for Worldwide Interbank Financial Telecommunication) |
| ЕРИ | Електронски регулаторни извештаи (апликативно решение за прием на регулаторни извештаи од банките и штедилниците) |
| ЦРИС | Кредитен регистар (англ. Credit Registry Information for Supervision, CRIS) |
| КИБС | Клириншки интербанкарски системи |
| РегНБРСМ | Регистар на сметки во НБРСМ |
| Sisx | Систем за вкрстување на хартии од вредност кои се тргуваат на секундарен пазар |

Врз основа на член 47 став 1 точка 9 од Законот на Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/21) и член 54 став 1 алинеја 3 од Правилникот за стратегиско и оперативно планирање Пр. бр. 02-15/I-1/2016 од 28 јануари 2016 година, Пр. бр. 02-15/VI-1/2020 од 28 април 2020 година и Пр. бр. 02-15/IX-3/2021 од 30 јуни 2021 година, Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

**Програма за работа**
**на Народната банка на Република Северна Македонија**
**за 2023 година**

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Програмата за работа на Народната банка на Република Северна Македонија за 2023 година (во понатамошниот текст: Програмата за работа) содржи програмски активности за остварување на стратегиските цели утврдени со Стратегискиот план на Народната банка на Република Северна Македонија за периодот 2022 – 2024 година, СП бр. 02-15/VIII-1/2021 од 4 јуни 2021 година.

2. Програмата за работа има за цел да обезбеди остварување на стратегиските цели на Народната банка на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Народната банка) преку оптимално насочување на расположливите ресурси кон приоритетните области, јакнење на капацитетите во сите сегменти на работењето, понатамошно унапредување на квалитетот на работењето и да овозможи следење и оцена на резултатите и ефективноста на преземените мерки и активности.

3. Програмските активности опфаќаат спроведување на редовните работни процеси и активности поврзани со проектите коишто овозможуваат воведување промени во работењето од аспект на зголемување на ефикасноста, квалитетот, транспарентноста и сигурноста, усогласување со новите законски барања, европските прописи, меѓународните стандарди и со барањата на Меѓународниот монетарен фонд.

## ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

4. Програмските активности се непосредно поврзани со стратегиските цели и задачи на Народната банка и се остваруваат во текот на целата година. Распределбата на програмските активности според утврдените стратегиски цели и носители е извршена на следниов начин:

### Стратегиска цел 1 – Унапредување на инфраструктурата за водење на монетарната политика.

Надградувањето и јакнењето на аналитичките капацитети на централната банка е од клучно значење, бидејќи кредибилните макроекономски анализи и проекции се основа за носење соодветни економски политики. Ова е особено нагласено поради високата неизвесност и притисоците од надворешното и внатрешното окружување, при што квалитетните макроекономски проекции играат значајна улога во следните активности на економските чинители. Народната банка заради успешно спроведување на монетарната политика и одржување на ценовната стабилност ќе продолжи со активностите за зајакнување на капацитетите и унапредување на алатките за макроекономска анализа и проектирање. За подобро објаснување на економските движења се предвидува понатамошно унапредување на краткорочното прогнозирање, преку надградба на сегашните модели, проширување со модели за прогнозирање на дел

од монетарните варијабли, како и унапредување на моделот МАКПАМ[1] и ДСГЕ[2]. Во однос на монетарните операции и одржувањето на стабилноста на девизниот курс на денарот, Народната банка ќе продолжи со управувањето со ликвидноста преку воспоставената оперативна рамка на монетарната политика, а се предвидува и преземање мерки за модернизација и унапредување на поставеноста на оперативната рамка на монетарната политика согласно со препораките од сеопфатната мисија на ММФ. Воедно, ќе се работи и на унапредување на аналитичката основа за следење на движењата на девизниот пазар и воведување на најдобрите практики при интервентната политика на Народната банка, како и натамошен развој на домашниот девизен пазар и носење политики за натамошно развивање на домашните финансиски пазари.

Дел од активностите од областа на оваа стратегиска цел се следниве:

- Изготвување на макроекономските проекции;
- Изработка на анализи за одржливоста на јавниот и надворешниот долг, рамнотежниот реален девизен курс и монетарната трансмисија коишто се употребуваат при носењето одлуки на монетарната политика;
- Анкетни истражувања;
- Редовно спроведување на монетарните операции и одржување на стабилноста на девизниот курс на денарот;
- Активности за унапредување на регулативата за интервенции на Народната банка на девизниот пазар;
- Мерки за модернизација и унапредување на поставеноста на оперативната рамка на монетарната политика согласно со препораките на мисијата на ММФ;
- Поддршка на развојот на домашните финансиски пазари преку учество во работни групи за поддршка на регионалната соработка и развој на домашните финансиски пазари.

**Очекувани резултати:** Зајакнување на капацитетите и унапредувањето на алатките за макроекономска анализа и проектирање заради приближување кон најдобрите практики на централните банки, како и навремено и соодветно осмислување на монетарната политика, одржување на ценовната стабилност и стабилен курс на денарот.

**Носители: ДМПИ и ДФП.**

## Стратегиска цел 2 – Задржување и натамошно јакнење на стабилноста и отпорноста на банкарскиот систем.

Народната банка како единствена супервизорска институција надлежна за банките и штедилниците и натаму ќе применува ефикасна и претпазлива супервизија како основа за стабилен и сигурен банкарски систем и заштита на интересите на штедачите и другите кредитори кои имаат вложено сопствени средства во банките. Во центарот на вниманието ќе бидат активностите насочени кон неколку области: унапредување на банкарската регулатива, спроведување на макропрудентниот мандат на Народната банка и подготвителни активности за почнување со новата функција за решавање банки, следење на движењата и ризиците во финансискиот систем, унапредување на вонтеренскиот и теренскиот надзор, како и активности поврзани со создавањето услови за соодветен развој и унапредување на финтек-секторот. Народната банка и натаму ќе ги следи меѓународните стандарди и трендови во доменот на банкарската регулатива и решавање банки заради усогласување на домашната регулатива и примена на најдобрите европските стандарди и практики. Исто така, ќе се преземат активности за натамошно унапредување на регулаторната рамка со која ќе се обезбеди дополнително зајакнување на сигурносната мрежа на финансискиот сектор, како и јакнење на капацитетот на Народната банка за идентификување и оцена на системските ризици. За понатамошно унапредување на севкупната супервизорска рамка, ќе бидат преземени активности за надградба на апликативните решенија за супервизорско делување и

[1] Структурен модел, како основа за носење на монетарните одлуки.
[2] Динамички стохастичен модел на општа рамнотежа (англ. DSGE).

навремено постапување во врска со идентификуваните ризици. Ќе се преземат конкретни активности за креирање софтверски алатки за генерирање извештајни форми по различни форми за статусот на усогласеноста на банките кон изречените супервизорски мерки. Покрај традиционалните ризици, особено внимание ќе им се посвети на ИТ-ризикот и киберзаканите, како и на зајакнување на процедурите за спречување на ризикот од перење пари и финансирање тероризам кај давателите на платежни услуги. Заради создавање услови за поддршка на иновациите и конкурентноста во финансискиот систем, како и унапредување на пристапот до финансии, а притоа имајќи ги предвид заштитата на потрошувачите и стабилноста и сигурноста на финансискиот систем во целина, Народната банка ќе преземе активности за понатамошен развој на домашниот финтек-сектор.

Дел од активностите од областа на оваа стратегиска цел се следниве:

- Учество во изработка на Нацрт-закон за банките и на соодветната подзаконска регулатива;
- Заокружување на активностите поврзани со донесувањето Закон за решавање банки и на соодветната подзаконска регулатива и јакнење на капацитетите за вршење на оваа функција;
- Следење на меѓународните стандарди и трендови во доменот на банкарската регулатива и решавањето банки (ЕУ, Базелски стандарди, земјите од регионот и сл.);
- Зајакнување на анализите во врска со финансиската стабилност, потребите од макропрудентни мерки и финализирање на Стратегијата за спроведување на макропрудентната политика;
- Редовни вонтеренски активности и спроведување теренски супервизорски контроли;
- Унапредување на употребата на стрес-тестирањето во Процесот на супервизорска оцена на ризиците;
- Воспоставување надзорна функција за новите платежни институции;
- Изработка на регистар за евидентирање на изречените супервизорски акции во делот на управувањето со ИТ-ризикот и регистар за евидентирање на идентификуваните и пријавените значајни сигурносни инциденти;
- Почнување со спроведувањето на Националната стратегија за поддршка на финтек-секторот.

**Очекувани резултати:** Стабилен финансиски систем, отпорен на ризиците од надворешното и внатрешното окружување. Регулаторна рамка којашто овозможува пазарен и конкурентен банкарски систем во согласност со најдобрите меѓународни стандарди и практики. Независна, прудентна и ефикасна супервизија којашто овозможува ефикасна заштита на корисниците на финансиски услуги.

**Носители: ДФМ, ДБР, ДВСЛ, ДТС, КСИ, РГ за поддршка на финтек-секторот.**

## Стратегиска цел 3 – Поддршка на населението и корпоративниот сектор преку развивање сигурни, иновативни и ефикасни платни системи.

Согласно со законските овластувања, Народната банка воспоставува, регистрира и врши надзор над сигурноста, стабилноста и ефикасноста на системите за плаќање, порамнување и клиринг што наметнува редовна потреба за развивање сигурни, иновативни и ефикасни платни системи коишто ќе бидат во чекор со најдобрите финансиски технологии и ќе овозможат лесно користење и конкурентска предност за домашните компании. Целта на Народната банка е преку унапредување на соодветните политики и правната рамка да се овозможи простор за воведување нови технологии и иновации за да се поддржат активностите на населението и корпоративниот сектор. Во рамките на оваа стратегиска цел, Народната банка ќе преземе активности со кои ќе се одржува сигурноста и стабилноста на платните системи при извршувањето на трансакциите. Исто така, ќе се преземат активности за зголемување на ефикасноста на платните системи и нивната транспарентност, а со тоа и отворање можности за

намалување на трошоците за извршување на плаќањата и транспарентен преглед на висината на надоместоците за најрепрезентативните услуги поврзани со платежна сметка. Народната банка ќе работи на усогласување со законите и регулативите на Европската Унија заради примена на најдобрите практики коишто обезбедуваат поголема сигурност и безбедност на потрошувачите, како корисници на новите напредни платежни услуги. Исто така, ќе се продолжи со активностите за разгледување на можноста и оцена на потребата од воведување дигитален денар, како долгорочна активност, којашто има за цел да им овозможи на граѓаните и компаниите, во ерата на дигитално окружување, и понатаму да имаат лесен пристап до парите издадени од Народната банка, како најбезбедна форма на парите.

Дел од активностите од областа на оваа стратегиска цел се следниве:

- Стратегија за развој на платниот систем на Република Северна Македонија;
- Воведување на новата регулатива во платежната сфера;
- Унапредување на апликативното решение за платежна статистика;
- Проекти за развој и унапредување на апликативните решенија во доменот на платните системи и развојот на платежни услуги;
- Проект за воведување дигитален денар;
- Учество во активностите во рамките на Советот за регионална соработка за формирање заеднички регионален пазар.

**Очекувани резултати:** Зголемување на сигурноста, стабилноста и ефикасноста на платниот систем, поголема вклученост и подобра заштита на корисниците на платежни услуги. Појава на нови даватели на услуги на пазарот, како што се платежните институции, институциите за електронски пари и нови оператори на платните системи, како и зголемување на степенот на дигитализација на македонското општество.

**Носители: ДПС, РГ за поддршка на финтек-секторот.**

## Стратегиска цел 4 – Унапредување на инвестициската политика и обезбедување оптимален поврат на девизните резерви согласно со принципите на сигурност и ликвидност.

Народната банка управува со девизните резерви на Република Северна Македонија што е од суштествено значење за целокупната домашна економија. Во рамките на оваа стратегиска цел, Народната банка е посветена на оптимален поврат на девизните резерви и постојано унапредување на инвестициската политика, а во согласност со принципите на сигурност и ликвидност. Покрај тоа, Народната банка ќе преземе активности за дополнување на воспоставената рамка со краткорочни прогнози за движењата на финансиските пазари врз основа на избрани релевантни (пазарни и макроекономски) показатели. Исто така, ќе бидат преземени активности за утврдување можности за валутни диверзификации и проактивно следење на пазарните услови и ризици.

Дел од активностите од областа на оваа стратегиска цел се следниве:

- Управување со девизните резерви;
- Доработка на воспоставената рамка со краткорочни прогнози за движењата на финансиските пазари врз основа на избрани пазарни/макроекономски показатели;
- Разгледување на можноста за валутна диверзификација;
- Поставување на приспособените времетраења на портфолијата за тргување согласно со пазарните услови.

**Очекувани резултати:** Ефикасно управување со девизните резерви на Република Северна Македонија при оптимална рамнотежа помеѓу принципите на сигурност, ликвидност и поврат од инвестирањето.

**Носител: ДФП.**

## Стратегиска цел 5 – Приспособување кон стандардите на Европскиот систем на централни банки.

Преку целокупната стратегиска определба на Република Северна Македонија за интеграција во европските институции се повикува и Народната банка да го приспособува своето работење кон стандардите на Европскиот систем на централни банки. Согласно со тековната фаза на билатерално разгледување (скрининг) на домашното законодавство од страна на институциите на ЕУ којшто ќе продолжи и следната година, се очекува забрзување на овие активности. Во однос на меѓународните финансиски институции, Народната банка активно ќе ги следи и ќе ги извршува обврските коишто произлегуваат од членството во нив, а заради застапување на позициите и политиките на Народната банка и заштита на националните интереси.

Дел од активностите од областа на оваа стратегиска цел се следниве:

- Активности поврзани со подготовка на стратегиски документи и за зајакнување на институционалниот капацитет за тековната и за идните фази од процесот на пристапување на НБРСМ во Европскиот систем на централни банки;
- Мерки и активности за приспособување кон стандардите на Европскиот систем на централни банки во поглавјата на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА) во кои е вклучена Народната банка (економски критериуми, слободно движење на капитал, финансиски услуги, статистика, економска и монетарна унија, финансиска контрола);
- Ревидирање и надградба на процедурите за проверка и оцена на ИТ-ризикот при спроведувањето на теренската супервизија и нивно приспособување и усогласување со регулативата и насоките на ЕЦБ;
- Приспособување на изворите на податоци за екстерни статистики во услови на натамошна либерализација на капиталните трансакции со нерезиденти и примена на ЕУ регулативите за платежни услуги и платни системи;
- Учество во проектот ИПА на ДЗС за меѓународна трговија со услуги заради овозможување подетален приказ на податоците за меѓународна трговија на услуги во согласност со меѓународните стандарди;
- Понатамошно унапредување на статистиката на финансиските сметки;
- Активности за воспоставување интегриран систем за известување од страна на Народната банка, банките, штедилниците, за статистички и супервизорски цели (ИСИДОРА);
- Активности за воспоставување систем за управување, чување, обработка и ракување со статистичките податоци, воспоставување податочен склад.

**Очекувани резултати:** Хармонизација со правото на Европската Унија (acquis communautaire) во коишто учествува Народната банка и зајакнување на институционалниот и аналитичкиот капацитет за поуспешно справување со предизвиците во следните фази на евроинтеграцискиот процес.

**Носители: КГ, КСР, ДСТ и КСИ.**

## Стратегиска цел 6 – Зголемена транспарентност и отчетност.

Транспаретноста и отчетноста се во фокусот на работењето на Народната банка со тенденција за нивно постојано унапредување. Народната банка пристапува со особено внимание кон сеопфатно информирање на јавноста за своите секојдневни активности преку унапредување на достапноста и збогатување на опфатот на информации што се објавуваат преку разните канали на информирање. Народната банка ќе работи на јакнење на комуникацијата со јавноста заради разбирање на политиките што се носат, навремено известување за мерките и активностите што се преземаат и спречување на ширењето неточни информации. Притоа, во контекст на препораките од мисијата на ММФ спроведена во 2021 година за оцена на практиката на Народната банка со Кодексот на транспарентноста на ММФ, ќе продолжат да се спроведуваат активности за

унапредување на достапноста на информациите во повеќе сегменти на работењето на Народната банка. Заради исполнување на оваа стратегиска цел и задржување на кредибилитетот на Народната банка, ќе се продолжи со остварувањето на стратегискиот план преку ефикасна и ефективна испорака на годишните програмски активности и проекти. Исто така, и на примената на највисоките стандарди за транспарентност и јасност при исполнувањето на законските обврски за финансиското известување и работењето на централната банка. Ќе се преземат и активности за унапредување на процесите за планирање, извршување и следење на јавните набавки. Во рамки на оваа стратегиска цел од непроценливо значење се и активностите коишто Народната банка ќе ги преземе за развивање на музејската работа и едукација, истражувачката работа, библиотечната и историско-архивистичката дејност заради понатамошна промоција на националните и општествените вредности на земјата.

Дел од активностите од областа на оваа стратегиска цел се следниве:

- Комуникација со јавноста и унапредување на достапноста и збогатување на опфатот на информации на интернет-страницата на Народната банка;
- Организирање трибини, дебати и настани на актуелни теми (глобализација, дигитализација, иновација и климатските промени) коишто имаат влијание врз работењето и извршувањето на функциите на Народната банка;
- Поттикнување на новинарската истражувачка активност заради запознавање на јавноста со активностите на Народната банка;
- Стратегиско планирање;
- Објавување годишни финансиски извештаи на НБРСМ и мислење од надворешниот ревизор;
- Редовно и ефикасно/навремено спроведување на јавните набавки заради непречено функционирање на институцијата;
- Музејска едукација и истражувачка работа;
- Работа со библиотечниот фонд и дигитализација на архивскиот материјал од историско значење.

**Очекувани резултати:** Поголема информираност за целите и задачите на Народната банка и остварувањето на визијата да биде препознаена како независна, одговорна, професионална, иновативна и транспарентна институција којашто ужива висока доверба и кредибилитет во јавноста.

**Носители: КГ, КСП, ФСК, ЈН, Музеј, Библиотека и архив.**

## Стратегиска цел 7 – Финансиска едукација и инклузија.

Во рамките на оваа стратегиска цел, Народната банка ќе продолжи со активностите насочени кон зајакнување на финансиската писменост на населението, унапредување на степенот на финансиска инклузија и обезбедување соодветна заштита на потрошувачите. Предвидени се повеќе едукативни активности коишто ќе обезбедат поголема информираност на населението за финансиските производи и услуги и запознавање со потенцијалните можни ризици од нивното користење. Во центарот на вниманието на оваа стратегиска цел ќе биде спроведувањето на Стратегијата за финансиска едукација и финансиска инклузија на Република Северна Македонија за периодот 2021 – 2025 година. Активностите ќе се одвиваат во соработка со другите финансиски регулатори во рамките на Координациското тело за финансиска едукација и финансиска инклузија, како и со останатите субјекти од приватниот и граѓанскиот сектор. Со теренските и вонтеренските контроли во сферата на заштитата на потрошувачите ќе се придонесе за зајакнување на системите за заштита на потрошувачите во банкарскиот систем, како и воспоставување на надзорот на банките и штедилниците во овој домен, а заради јакнење на довербата на граѓаните кон банкарскиот сектор, што е клучно за одржлива финансиска стабилност.

Дел од активности од областа на оваа стратегиска цел се следниве:

- Финансиска едукција и организирање настани за едуцирање на јавноста (Глобална недела на парите, Работилница – обука за наставници, Денови на финансиската писменост, Светски ден на штедењето);
- Спроведување на Стратегијата за финансиска едукација и финансиска инклузија на Република Северна Македонија 2021 – 2025 година;
- Спроведување теренски контроли и изработка на редовни извештаи за видот на поплаките и начинот на нивното решавање од страна на банките и штедилниците заради зајакнување на системот на заштита на потрошувачите во банкарскиот систем, како и надзорот над банките во овој домен, а заради јакнење на довербата на граѓаните кон банкарскиот сектор и зголемување на финансиската стабилност;
- Детална и сеопфатна анализа на провизиите што им ги наплатуваат банките и штедилниците на физичките лица заради нивно правично и реално утврдување и поголема транспарентност;
- Натамошни активности околу разгледување и усогласување на Предлог-законот за финансиски омбудсман со останатите финансиски регулатори;
- Ревизија и унапредување на постојната законска регулатива заради зајакнување на системот за заштита на потрошувачите во банкарскиот систем.

**Очекувани резултати:** Зголемена свесност и финансиска писменост на населението, унапредување на степенот на финансиска инклузија и зајакнување на системот на заштита на потрошувачите.

**Носител: ДЗПФЕ.**

## Стратегиска цел 8 – Зголемена свесност за климатските промени и придонес за зелена одржлива економија.

Народната банка како општествено одговорна институција се стреми да биде пример и да даде придонес кон создавањето „зелена“ и одржлива економија заради унапредување на квалитетот на животот на граѓаните и унапредување на нивниот животен стандард. Во согласност со глобалните напори за справување со последиците од климатските промени ќе преземе активности за подигнување на свесноста во банкарскиот сектор за ризиците од климатските промени и потребата од зголемување на финансирањето зелени проекти. Исто така, со намера да ја зголеми свесноста за климатските промени, Народната банка ќе пристапи кон подготовка и донесување Стратегија за зелени финансии, поддршка на зелените финансии и транзиција кон зелена економија и јакнење на капацитетот на Народната банка. Во однос на управувањето со девизните резерви, Народната банка ќе изврши аналитички подготовки за мерење на ефектот од инвестирањето во зелени обврзници за унапредување на животната средина.

Дел од активностите од областа на оваа стратегиска цел се следниве:

- Подготовка и донесување Стратегија за зелени финансии со која ќе се делува во повеќе сегменти: финансиската стабилност, банкарската регулатива и супервизија, монетарната политика, истражувањето, финансиските пазари и капацитетот на Народната банка;
- Работилница за зелени финансии;
- Следење на меѓународните стандарди во доменот на управувањето на банките со ризиците коишто произлегуваат од климатските промени и согледување на можноста за нивна примена во банкарскиот систем на Република Северна Македонија;
- Следење на обемот и структурата на зеленото финансирање и ризиците коишто произлегуваат од него;
- Изготвување интерни оцени за одржливоста и социјалната одговорност (англ. ESG – Environmental, Social and Corporate governance) за земјите во коишто се инвестираат девизните резерви;

- Воведување параметри за мерење на ефектот од инвестирањето во зелени обврзници за унапредување на животната средина;
- Рамка за подготовка на портфолио за зелени обврзници.

**Очекувани резултати**: Зголемена свесност за климатските промени и придонес за зелена одржлива економија и подобри услови за живеење на граѓаните.

**Носители: ДБР, ДФМ, ДФП и РГ за зелени финансии.**

## Стратегиска цел 9 – Зајакнување на управувањето со ризиците на ниво на Народната банка.

Народната банка како институција со функции и задачи од јавен интерес ќе продолжи со активностите за претпазливо управување со ризиците во сите сегменти од своето работење заради остварување на стратегиските цели притоа почитувајќи ги највисоките стандарди за корпоративно управување. Во рамките на оваа стратегиска цел, предвидени се активности за зајакнување на механизмите за управување за интерна контрола на ризиците, како и редовни активности во доменот на внатрешната ревизија. Народната банка ќе преземе мерки за зајакнување на сигурноста на информацискиот систем, отпорноста на киберзакани и обезбедување непрекинатост во работењето, заштитата на личните податоци и безбедноста на класифицираните информации. Исто така, ќе се продолжи со унапредување на усогласеноста во Народната банка, односно одржување висок степен на законито и етичко усогласено работење при спроведување на целите и задачите на Народната банка од страна на членовите на Советот и вработените на Народна банка, заложба за натамошно зајакнување на интегритетот на Народната банка и соодветно управување со евентуалните ризици од неусогласеност. Истовремено, ќе се продолжи со активностите за зајакнување на институционалниот капацитет за управување со правниот ризик, како и натамошно унапредување на безбедносните мерки и сигурноста при работењето. Народната банка предвидува активности и за унапредување на процесот на оперативно планирање, анализирање на финансиската позиција и билансот на успех и остварувањето на финансискиот план, како и натамошно спроведување на проектот за воведување на интегрираниот сметководствен систем како механизам за заштита од зголемените ризици во работењето. Исто така, Народната банка ќе преземе активности за зајакнување на корпоративното управување и капиталната позиција на банката преку измени на законската рамка, за што ќе предложи измени на Законот за Народната банка, во согласност со препораките добиени од Меѓународниот монетарен фонд (ММФ).

Дел од активностите од областа на оваа стратегиска цел се следниве:

- Управување со оперативните ризици на ниво на Народната банка и подигање на свеста и културата на вработените за управување со оперативните ризици од секојдневното работење;
- Советувања, редовни обуки на вработените за нивните права и обврски во однос на заштитата на информацискиот систем, личните податоци и класифицираните информации, обуки за подигнување на свеста за киберзаканите и периодични контроли на усогласеноста на работењето со регулативата од областа на сигурноста на информацискиот систем, заштита на личните податоци и класифицираните информации;
- Ажурирање и тестирање на спроведливоста на плановите за непрекинатост на критичните работни процеси во различни сценарија на криза;
- Изработка на Стратегија за користење услуги во облак (англ.: Cloud computing);
- Унапредување на усогласеноста на ниво на Народната банка преку информирање и советување во однос на регулативата за усогласеност, спроведување едукативни активности за унапредување пред сè на етичката усогласеност на вработените и членовите на Советот на Народната банка при вршење на нивните работни задачи/активности, идентификување и процена на ризиците од неусогласеност, поконкретно на ризиците од корупција;

- Натамошно спроведување на проектот и воведување на интегрираниот сметководствен систем;
- Изработка на Нацрт-закон за изменување и дополнување на Законот за Народната банка на Република Северна Македонија заради јакнење на корпоративното управување и зајакнување на капиталната позиција на банката.

**Очекувани резултати:** Ефективно управување со ризиците во сите сегменти на работењето заради остварување на стратегиските цели, за зајакнување на контролните мерки и намалување на преостанатите ризици, унапредување на отпорноста и безбедноста на Народната банка.

**Носители: КСП, ДВР, ДФСК, ДПР, СИТ и ДТОО.**

## Институционален капацитет 1 – Интегритет и доверба во националната парична единица.

Народната банка како единствена емисиона банка и во 2023 година ќе продолжи со активностите за одржување на интегритетот и довербата во националната парична единица преку воспоставената функционалност, стабилност, ефикасност и ефективност на системот на снабдување со готовина и обезбедување стандардно висок квалитет на книжните и кованите пари во оптек.

Дел од активностите од оваа област се:

- Изработка/набавка на книжни и ковани пари, менични бланкети, пригодни ковани пари и ковани пари за колекционерски цели;
- Снабдување на банките и центрите за готовина со книжни и ковани пари;
- Надзор на снабдувањето со книжни и ковани пари кај банките и центрите за готовина;
- Замена на оштетени книжни и ковани пари на физички лица заради одржување на квалитетот на парите во оптек и заштита на репутацијата на Народната банка;
- Вршење стручни анализи и вештачење на сомнителните пари заради прецизно и ефикасно откривање на фалсификуваните пари и спречување на изработката и понатамошната дистрибуција на фалсификати;
- Замена на носечкиот систем за обработка, селекција и уништување на книжните пари и осовременување на техничките капацитети, подигнување на нивото на опременост, квалитет и брзина при обработката на книжните и кованите пари;
- Унапредување на процесите и системите за ракување со паричните единици, намалување на ризиците од грешки и пропусти, воведување нови модули за автоматизирано работење и поефикасно соработување со другите државни институции.

**Очекувани резултати:** Одржување на високото ниво на интегритетот и довербата во националната парична единица.

**Носител: ДТР.**

## Институционален капацитет 2 – Човечки ресурси.

Постојаниот развој на современ и компетентен човечки потенцијал, приспособлив на брзите промени во окружувањето е императив за ефективно и ефикасно остварување на нашиот широк и сложен мандат и за исполнувањето на нашата мисија од јавен интерес. Вработените се најголемиот потенцијал на Народната банка, заради што и понатаму ќе се работи на привлекување, задржување и развивање посветен персонал, како и создавање позитивна работна средина и корпоративна култура којашто ја поттикнува соработката, тимскиот дух, професионалноста и креативноста и овозможува вработените да го дадат најдоброто од себе. Дел од активностите од оваа област се:

- Обезбедување и прием на работници, регулирање на правата и обврските од работниот однос и соодветна организациска и систематизациска поставеност;
- Обезбедување развој на менаџерските и лидерските вештини на оперативните раководители и меките вештини кај вработените;
- Постојана едукација, стручно усовршување, унапредување и развој на вработените, што претставува постојан процес за одржување и унапредување на квалитетот на работата и достигнувањата на банката;
- Разработка на алатки и техники за поттикнување на иновативноста и креативноста, како и одржување на мотивираноста на вработените;
- Одржување високо ниво на примена на корпоративните вредности во работењето.

**Очекувани резултати:** Квалитетен, компетентен и посветен човечки потенцијал, приспособлив кон брзите промени во окружувањето кој ќе овозможи остварување на мандатот и визијата на Народната банка, притоа почитувајќи ги поставените организациски принципи и вредности на квалитет, интегритет, лојалност, транспарентност, лидерство, иновативност, флексибилност, професионализам и тимски дух.

**<u>Носители: ДЧР и КГ.</u>**

## Институционален капацитет 3 – Информатички систем.

Народната банка располага со информатички систем којшто функционира во комплексна околина со многубројна инфраструктурна опрема и извршува голем број разни секојдневни и критични операции. Затоа, од особено значење е одржувањето на стабилноста на информатичкиот систем и негова постојана надградба со хардвер и софтвер усогласени со најдобрите меѓународни стандарди коишто ќе овозможат висок степен на достапност и сигурност на податоците и ИТ-инфраструктурата. Унапредување на следењето на сигурносните настани и инциденти и унапредување на Центарот за безбедносни операции (англ. SOC – Security Operations Center) заради подобро следење на инцидентите и побрза реакција. Истовремено, ќе се работи на воведување дигитална трансформација заради поедноставување на внатрешните процеси и зголемување на ефикасноста и продуктивноста, што е основа за успешно остварување на поставените стратегиски цели. <u>Дел од активностите од оваа област се:</u>

- Одржување и унапредување на ИТ-инфраструктурата;
- Тестирање на непрекинатоста во работењето на Народната банка;
- Унапредување на следењето на сигурносните настани и инциденти и унапредување на Центарот за безбедносни операции (англ. SOC – Security Operations Center);
- Надградба на сервери и работни станици;
- Изработка на стратегија за виртуелни персонални компјутери.

**Очекувани резултати:** Висок степен на достапност и стабилност на информатичкиот систем и негова постојана надградба и зголемување на ефикасноста во услови на силна промена на информатичката технологија и раст на киберризиците.

**<u>Носител: СИТ – Сектор за информатичка технологија (ДИТ – Дирекција за ИТ-инфраструктура и ДАП – Дирекција за апликации и Отсекот за надзор и ИТ-безбедност).</u>**

## Институционален капацитет 4 – Статистички податоци.

<u>Статистичките податоци</u> се од огромна важност за целокупната јавност и значително придонесуваат во процесите на Народната банка при носењето навремени и соодветни мерки и одлуки за постигнување на стратегиските цели во домените на монетарната политика и финансискиот сектор. Заради тоа, Народната банка ќе продолжи со унапредување на можностите за прибирање, обработка, анализа и објава на податоци,

исполнување на своите обврски кон меѓународните партнери од областа на статистиката и постигнување усогласеност и квалитет на податоците со најдобрите меѓународни стандарди и практики. Дел од активностите од оваа област се:

- Објавување податоци од областа на монетарната и екстерните статистики, статистиката на финансиските сметки и хартии од вредност, како и исполнување на обврските за известување коишто произлегуваат од членство во меѓународните организации;
- Унапредување на интерните извештаи за директните инвестиции во екстерни статистики;
- Унапредување на податоците во билансот на плаќања и МИП преку утврдување нова предлог-методологија за приватните трансфери и девизната готовина надвор од банкарскиот систем;
- Создавање систем за прием на податоците за надворешнотрговската размена од новиот систем на Царинската управа на Република Северна Македонија;
- Рационализација на процесот на прибирање податоци за вложувањата во и од странство и кредитните работи со странство преку воведување електронско известување.

**Очекувани резултати:** Обезбедување квалитетни, навремени, конзистентни и лесно достапни статистички податоци врз база на пропишани национални и меѓународни стандарди коишто се компатибилни и споредливи со меѓународните статистички системи и коишто се основа за носење квалитетни одлуки од страна на Народната банка и сите останати субјекти во земјата.

**Носител: ДСТ.**

## Институционален капацитет 5 – Истражувачка дејност.

Динамичното и комплексно окружување наметнува потреба од квалитетен аналитички и истражувачки потенцијал заради што Народната банка и натаму ќе ја поддржува и ќе ја унапредува истражувачката активност. Во 2023 година, истражувачката дејност ќе се насочи во областите коишто се од клучно значење за ефикасно остварување на целите и носењето на политиките. Истражувачката активност на Народната банка се согледува низ повеќе публикации: редовните извештаи, аналитички прилози во рамките на извештаите, работните материјали, анализите, како и други материјали. Заради обезбедување квалитетни истражувања ќе работи на:

- Развивање и одржување бази на податоци, интерни статистички бази на податоци и од надворешни (домашни и странски) извори. Особено внимание ќе се посвети на сѐ поголема употреба на детални бази со микроподатоци, како и на јакнење на капацитетот за работа со податочни складови, т.н. бази на обемни податоци (англ. Big data) во истражувачкиот процес;
- Спроведување редовни и наменски анкетни истражувања;
- Унапредување и примена на различни техники на истражување, почнувајќи од најосновните статистички техники на анализа, па сѐ до современи економетриски техники, коишто бараат и примена на современи софтверски пакети. Треба да се истакне дека во Народната банка голем акцент се става и на изградбата на макроекономски модели во Република Северна Македонија, поради што постојано се развива и се збогатува моделската инфраструктура, а воедно активно се користат поставените модели како една од многуте алатки во процесот на донесување одлуки;
- Постојано инвестирање во одржување и развој на аналитичкиот и истражувачкиот капацитет на своите вработени, преку соодветни обуки, а посебно внимание ѝ се посветува и на интеракцијата како со домашните, така и со странските институции коишто се занимаваат со истражувања.

Во рамките на оваа област, на редовна основа се организираат редовните квартални сесии на Клубот на истражувачите, како можност за размена на искуства со јавноста во областа на макроекономијата и други теми од централнобанкарското работење. Исто така, се предвидува и меѓународна конференција на високо ниво каде што ќе се овозможи размена на мислења и дебата во однос на тековните предизвици со кои се соочуваат централните банки коишто треба да одговорат на сѐ поголем број макроекономски цели, како и разбирање на тековните трансформациски процеси коишто го менуваат глобалниот монетарен и финансиски поредок. Во 2023 година, Народната банка ќе биде домаќин на годишна средба на членките на Виенската иницијатива што ќе придонесе за подобро информирање и согледување на тековните движења кај финансиските системи на земјите во регионот и на предизвиците со кои тие се соочуваат, како и размена на искуства помеѓу носителите на политиките.

**Очекувани резултати:** Поддршка на процесот на донесување одлуки во доменот на монетарната политика, политиката на девизен курс, финансиската стабилност и макропрудентната политика, како и во другите домени од делокругот на работење. Исто така, и преку истражувања на одделни економски прашања, се поттикнува академска дебата и се проширувааат знаењата од различни области од значење за водењето на макроекономските политики.

**Носители: ДМПИ, КСР и КГ.**

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

5. Програмата за работа се остварува во текот на една календарска година, почнувајќи од 1 јануари до 31 декември 2023 година.

Составен дел на Програмата за работа се прилогот 1 – Редовни програмски активности, прилогот 2 – Проекти од одредени области во работењето на Народната банка, прилогот 3 – Организација на настани и прилогот 4 – Проекти за развој на софтвер.

6. Програмата за работа влегува во сила на денот на донесувањето.

**ПР бр. 02-15/XXI-1/2022**
**30 ноември 2022 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка на**
**Република Северна Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**

## Прилог 1

| РЕДОВНИ АКТИВНОСТИ | | |
|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Орг. единица** | **Назив на програмската активност** |
| **СЦ1 Унапредување на инфраструктурата за водење на монетарната политика** | | |
| 1 | ДМПИ | Изготвување макроекономски проекции |
| 2 | ДМПИ | Изработка на анализи за одржливоста на јавниот и надворешниот долг, рамнотежниот реален девизен курс и монетарната трансмисија коишто се употребуваат при носење одлуки на монетарната политика |
| 3 | ДМПИ | Анкетни истражувања |
| 4 | ДМПИ | Изготвување ad hoc анализи на барање на раководството |
| 5 | ДМПИ | Изработка на редовни извештаи |
| 6 | ДФП | Редовно спроведување монетарни операции и одржување на стабилноста на девизниот курс на денарот |
| 7 | ДФП | Активности за операционализирање на регулативата за интервенции на Народната банка на девизниот пазар |
| 8 | ДФП | Мерки за модернизација и унапредување на поставеноста на оперативната рамка на монетарната политика |
| 9 | ДФП | Учество и поддршка на развојот на домашните финансиски пазари |
| **СЦ2 Задржување и натамошно јакнење на стабилноста и отпорноста на банкарскиот систем** | | |
| 10 | ДБР | Учество во изработка на Нацрт-законот за банките и на соодветната подзаконска регулатива врз основа на овој закон |
| 11 | ДБР | Заокружување на изработката на Нацрт-законот за решавање банки и изработка и донесување на соодветната подзаконска регулатива |
| 12 | ДБР | Следење на меѓународните стандарди и трендови во доменот на банкарската регулатива и решавањето банки (ЕУ, Базелски стандарди, земји од регионот и сл.) |
| 13 | ДБР | Учество во изработка на други нацрт законски акти, или во изработка на нацрт-измени и дополнувања на постојните законски акти |
| 14 | ДБР | Измени и дополнувања на останатата банкарска регулатива |
| 15 | ДБР | Други редовни активности поврзани со банкарската регулатива и работните задачи на Дирекцијата |
| 16 | ДФМ | Следење на движењата и ризиците во банкарскиот систем |
| 17 | ДФМ | Следење на движењата и ризиците во финансискиот систем |
| 18 | ДФМ | Оцена на отпорноста на банкарскиот систем на шокови |
| 19 | ДФМ | Транспарентност |
| 20 | ДФМ | Следење на потребата и условите за воведување/ ослободување макропрудентни мерки |
| 21 | ДФМ | Учество во проекти/работни групи |
| 22 | ДФМ | Останати редовни активности |
| 23 | ДВСЛ | Редовни вонтеренски активности |
| 24 | ДВСЛ | Изработка на Методологијата за процесот на вонтеренско следење на ризикот од ПП/ФТ кај даватели на платежни услуги |
| 25 | ДВСЛ | Ревидирање на интерните процедури коишто ги уредуваат деловните процеси |
| 26 | ДВСЛ | Унапредување на употребата на стрес-тестирањето во процесот на супервизорска оцена на ризиците |
| 27 | ДТС | Спроведување теренски контроли |
| 28 | ДТС | Ревидирање и унапредување на постојните процедури за оцена на управување со кредитниот ризик и корпоративното управување |
| 29 | ДТС | Унапредување на регулаторната и супервизорската рамка за СППФТ |
| 30 | ДТС | Изработка на Методологија за надзор над платежните институции |
| 31 | КСИ | Редовни теренски супервизорски контроли |

| РЕДОВНИ АКТИВНОСТИ | | |
|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Орг. единица** | **Назив на програмската активност** |
| 32 | КСИ | Редовни вонтеренски активности |
| 33 | КСИ | Изработка  на регистар за евидентирање на изречените супервизорски акции во делот на управувањето со ИТ-ризикот |
| 34 | КСИ | Изработка  на регистар за евидентирање на идентификуваните и пријавени значајни сигурносни инциденти |
| 35 | РГ за финтек-секторот | Изработка на анкетно истражување за постпандемичните предизвици и можностите за развој на финтек-секторот во земјата |
| 36 | РГ за финтек-секторот | Изработка на анализа на новите ризици поврзани со развојот на финтек-секторот |
| 37 | РГ за финтек-секторот | Изработка на анализа за воведување и примена на регулатива во тест околина (англ. Regulatory sandbox) |
| **СЦ3 Поддршка на населението и корпоративниот сектор преку развивање сигурни, иновативни и ефикасни платни системи** | | |
| 38 | ДПС | Надгледување на платните системи |
| 39 | ДПС | Изготвување информации од областа на платните системи и платежните услуги |
| 40 | ДПС | Обработка и порамнување на трансакциите поврзани со управувањето на девизните резерви и со спроведувањето на монетарната политика |
| 41 | ДПС | Извршување платен промет со странство за сметка на државата и државните органи |
| 42 | ДПС | Поддршка на учесниците во МИПС и обработка на налози за присилна наплата |
| **СЦ4 Унапредување на инвестициската политика и обезбедување оптимален поврат на девизните резерви согласно со принципите на сигурност и ликвидност** | | |
| 43 | ДФП | Управување со девизните резерви |
| 44 | ДФП | Доработка на воспоставената рамка со краткорочни прогнози за движењата на финансиските пазари врз основа на избрани пазарни/макроекономски показатели |
| 45 | ДФП | Разгледување на можноста за валутна диверзификација |
| 46 | ДФП | Разгледување на можноста за зголемување на учеството на златото во девизните резерви |
| 47 | ДФП | Поставување на приспособените времетраења на портфолијата за тргување согласно со пазарните услови |
| **СЦ5 Приспособување кон стандардите на Европскиот систем на централни банки** | | |
| 48 | КГ | Активности поврзани со процесот на пристапување на НБРСМ во Европскиот систем на централни банки |
| 49 | КГ | Односи со меѓународните институции |
| 50 | КСИ | Ревидирање и надградба на  процедурите за проверка и оцена на ИТ-ризикот при спроведувањето на теренската супервизија |
| **СЦ6 Зголемена транспарентност и отчетност** | | |
| 51 | КГ | Протоколарни работи |
| 52 | КГ | Комуникација со јавноста |
| 53 | КГ | Превод и лекторирање |
| 54 | ДЈН | Планирање на потребите за јавни набавки, анализа и следење на остварувањето, изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки |
| 55 | ДЈН | Подготовка и спроведување на постапките за јавни набавки |
| 56 | ДЈН | Следење на договорите за јавни набавки и прием, евидентирање и контрола на фактурите и другите сметководствени документи |
| 57 | КСП | Стратегиско планирање |
| 58 | ДФСК | Објавување на Годишните финансиски извештаи на НБРСМ и мислењето од надворешниот ревизор |
| 59 | Библиотека | Работа со библиотечниот фонд и извршување претплати на весници и бази со податоци |

| РЕДОВНИ АКТИВНОСТИ | | |
|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Орг. единица** | **Назив на програмската активност** |
| 60 | Библиотека | Дигитализација на архивскиот материјал од историско значење |
| 61 | Музеј | Музејско работење со збирката |
| 62 | Музеј | Музејска едукација |
| 63 | Музеј | Истражувачка работа |
| **СЦ7 Финансиска едукација и инклузија** | | |
| 64 | ДЗПФЕ | Финансиска едукација |
| 65 | ДЗПФЕ | Постапување и одговори на поплаки од корисници на банкарски услуги |
| 66 | ДЗПФЕ | Теренски контроли |
| 67 | ДЗПФЕ | Изработка на полугодишни извештаи за поплаките |
| 68 | ДЗПФЕ | Компаративна анализа на провизиите и надоместоците коишто ги наплатуваат банките при одобрување кредити |
| **СЦ8 Зголемена свесност за климатските промени и придонес за зелена одржлива економија** | | |
| 69 | ДБР | Следење на меѓународните стандарди во доменот на ризиците од климатските промени и согледување на можноста за нивна примена во банкарскиот систем на Република Северна Македонија |
| 70 | ДФМ | Климатски промени - следење на обемот и структурата на зеленото финансирање и ризиците коишто произлегуваат од него |
| **СЦ9 Зајакнување на управувањето со ризиците на ниво на Народната банка** | | |
| 71 | ДВР | Планирање и изработка на годишна и среднорочна ревизорска програма за работа |
| 72 | ДВР | Извршување ревизија |
| 73 | КСП | Управување со оперативните ризици на ниво на Народната банка |
| 74 | КСП | Унапредување на усогласеноста на ниво на Народната банка |
| 75 | КСП | Обезбедување непрекинатост во работењето |
| 76 | КСП | Обезбедување сигурност на информацискиот систем и заштита на личните податоци |
| 77 | ДТОО | Одржување на објектите |
| 78 | ДТОО | Обезбедување транспортни услуги |
| 79 | ДТОО | Физичко техничко обезбедување и противпожарна заштита |
| 80 | ДФСК | Сметководствено евидентирање на трансакциите поврзани со извршувањето на функциите и задачите на Народната банка, како и со оперативното работење |
| 81 | ДФСК | Сметководствени политики и финансиско известување |
| 82 | ДФСК | Планирање и контрола |
| 83 | ДПР | Изготвување и контрола на општите и поединечните правни акти |
| 84 | ДПР | Изготвување правни документи, тужби, одговори на тужби и вонредни правни лекови |
| 85 | ДПР | Регулирање на имотно-правните работи на Народната банка и евиденција за недвижниот имот |
| 86 | ДПР | Подготвување на седниците на Советот на Народната банка |
| 87 | ДПР | Давање правни мислења, совети и вршење обуки |
| 88 | ДПР | Канцелариско работење |
| 89 | ДПР | Архивско работење |
| **ИК1 Интегритет и доверба во националната парична единица** | | |
| 90 | ДТР | Изработка/набавка на книжни и ковани пари, менични бланкети, пригодни ковани пари и ковани пари за колекционерски цели |
| 91 | ДТР | Снабдување на банките и центрите за готовина со книжни и ковани пари |
| 92 | ДТР | Надзор на снабдувањето со книжни и ковани пари кај банките и центрите за готовина |
| 93 | ДТР | Продажба на пригодни ковани пари, ковани пари за колекционерски цели, книжни и ковани пари за нумизматички цели и менични бланкети |

| РЕДОВНИ АКТИВНОСТИ | | |
|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Орг. единица** | **Назив на програмската активност** |
| 94 | ДТР | Активности за потребите на НБРСМ, државни институции и органи на управа |
| **ИК2 Човечки ресурси** | | |
| 95 | ДЧР | Обезбедување на ангажираност на вработените |
| 96 | ДЧР | Стручно усовршување и развој на вработените |
| 97 | ДЧР | Обезбедување и прием на работници |
| 98 | ДЧР | Поставување соодветна организациска и систематизациска поставеност |
| 99 | ДЧР | Регулирање на правата и обврските од работниот однос |
| **ИК3 Информатички систем** | | |
| 100 | СИТ | Одржување на ИТ-инфраструктурата |
| 101 | СИТ | Управување со средствата |
| 102 | СИТ | Заштита и архивирање |
| 103 | СИТ | Обезбедување ИТ-услуги |
| 104 | СИТ | Управување со ИТ-инциденти |
| 105 | СИТ | Активности поврзани со тестирањето на непрекинатоста во работењето на ОЕ во НБРСМ |
| 106 | СИТ | Поставување на ИТ-услугите, следење на исполнувањето на поставените сервисни нивоа и постојано унапредување |
| 107 | СИТ | Управување со корисничките сметки и контрола на пристапот во системот |
| 108 | СИТ | Извршување промени во системот |
| 109 | СИТ | Надградба на сервери и работни станици |
| 110 | СИТ | Користење на алатка за автоматско пренесување на апликациите во тест-околина и верзионирање на објектите на серверот за бази на податоци (SQL) |
| 111 | СИТ | Активности за воведување процес за тестирање апликации |
| **ИК4 Статистички податоци** | | |
| 112 | ДСТ | Изготвување монетарни статистики |
| 113 | ДСТ | Унифицирана секторизација на институционалните единици во рамките на ДСТ |
| 114 | ДСТ | Обврски за известување коишто произлегуваат од членството во меѓународни организации |
| 115 | ДСТ | Изготвување статистики на хартиите од вредност |
| 116 | ДСТ | Изготвување екстерни статистики |
| 117 | ДСТ | Изготвување статистика на финансиските сметки |
| **ИК5 Истражувачка дејност** | | |
| 118 | ДМПИ | Изработка на работни материјали:<br>1. Полот и вработеноста во ковид-19 рецесијата: Дали постојат докази за „таа- рецесија" во ЦИЈИЕ?<br>2. Испитување на преносниот ефект на цените на енергијата врз базичната инфлација во Северна Македонија<br>3. Анализа на врската помеѓу трошоците за работна сила и инфлацијата во Северна Македонија<br>4. Моделирање на врската помеѓу инфлацијата и инфлациската неизвесност во Северна Македонија со примена на моделот ГАРЦХ (англ. GARCH)<br>5. Оценување на ефектите од приватните дознаки врз економската активност во регионот на Централна и Југоисточна Европа |

## Прилог 2

| ПРОЕКТИ | | |
|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Орг. единица** | **Назив на програмската активност** |
| **СЦ2 Задржување и натамошно јакнење на стабилноста и отпорноста на банкарскиот систем** | | |
| 1 | ДФМ | Унапредување на анализите на кредитниот ризик од корпоративните кредити |
| **СЦ3 Поддршка на населението и корпоративниот сектор преку развивање сигурни, иновативни и ефикасни платни системи** | | |
| 2 | ДПС | Воведување на новата правна рамка во платежната сфера |
| 3 | ДПС | Стратегија за развој на платниот систем на Република Северна Македонија |
| 4 | ДПС | Учество во активностите на Советот за регионална соработка |
| **СЦ5 Приспособување кон стандардите на Европскиот систем на централни банки** | | |
| 5 | ДСТ | Понатамошно унапредување на статистиката на финансиските сметки |
| 6 | ДСТ | Учество во проектот ИПА на ДЗС за меѓународна трговија со услуги |
| 7 | ДСТ | Приспособување на изворите на податоци за екстерни статистики во услови на натамошна либерализација на капиталните трансакции со нерезиденти и примена на регулативите на ЕУ за платежни услуги и платни системи |
| **СЦ6 Зголемена транспарентност и отчетност** | | |
| 8 | КГ | Унапредување на достапноста и збогатување на опфатот на информации на интернет-страницата |
| 9 | КГ | Комуникација и размена на мислења со стручната јавност |
| **СЦ7 Финансиска едукација и инклузија** | | |
| 10 | ЗПФЕ | Стратегија за финансиска едукација и финансиска инклузија на Република Северна Македонија 2021 - 2025 |
| 11 | ЗПФЕ | Натамошни активности околу разгледување и усогласување на Предлог-законот за финансиски омбудсман со останатите финансиски регулатори |
| 12 | ЗПФЕ | Ревизија и унапредување на постојната законска регулатива |
| **СЦ8 Зголемена свесност за климатските промени и придонес за зелена одржлива економија** | | |
| 13 | ДФП | Изготвување интерни оцени за одржливоста и социјалната одговорност (ESG) за земјите во коишто се инвестираат девизните резерви |
| 14 | ДФП | Воведување параметри за мерење на ефектот од инвестициите во зелени обврзници врз унапредувањето на животната средина |
| 15 | ДФП | Рамка за градење портфолио на зелени обврзници |
| 16 | РГ за зелени финансии | Подготовка и донесување Стратегија за зелени финансии |
| **СЦ9 Зајакнување на управувањето со ризиците на ниво на Народната банка** | | |
| 17 | КСП | Унапредување на етичката усогласеност на вработените и членовите на Советот |
| 18 | КСП | Стратегија за користење услуги во облак (англ. Cloud computing) |
| 19 | КСП | Контрола на усогласеноста со рамката на СВИФТ за безбедносни контроли |
| 20 | ДТОО | Изградба на новиот објект на НБРСМ |
| 21 | ДТОО | Опрема наменета за непрекинато напојување со електрична енергија |
| 22 | ДТОО | Енергетска мрежа на резервната локација |
| 23 | ДФСК | Активности за дефинирање на барањата за подготовка на сметководствениот систем на НБРСМ за статистички известувачки цели поврзани со проектот ИСИДОРА на НБРСМ |
| **ИК2 Човечки ресурси** | | |
| 24 | КГ | Одржување високо ниво на примена на корпоративни вредности во работењето |
| **ИК3 Информатички систем** | | |
| 25 | СИТ | Унапредување на следењето на сигурносните настани и инциденти |

| ПРОЕКТИ | | |
|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Орг. единица** | **Назив на програмската активност** |
| 26 | СИТ | Изработка на стратегија за виртуелни персонални компјутери |
| **ИК4 Статистички податоци** | | |
| 27 | ДСТ | Анализа и подготовкаа на сетови податоци за директни инвестиции со вкрстен приказ земја - дејност |

## Прилог 3

| ПРОЕКТИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НАСТАНИ | | |
|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Орг. единица** | **Назив на програмската активност** |
| **СЦ2 Задржување и натамошно јакнење на стабилноста и отпорноста на банкарскиот систем** | | |
| 1 | ДТС | Учество на подготвителниот состанок и пленарната седница на „Манивал“ (англ. Moneyval) каде што ќе се разгледа и ќе се усвои Извештајот за Република Северна Македонија |
| **СЦ3 Поддршка на населението и корпоративниот сектор преку развивање сигурни, иновативни и ефикасни платни системи** | | |
| 2 | ДПС | Организирање на 15-тата конференција за плаќањата и пазарната инфраструктура |
| **СЦ6 Зголемена транспарентност и отчетност** | | |
| 3 | КГ | Поттикнување новинарска истражувачка активност |
| 4 | КГ | Промовирање актуелни иницијативи на Народната банка коишто ја засегаат јавноста |
| **СЦ8 Зголемена свесност за климатските промени и придонес за зелена одржлива економија** | | |
| 5 | РГ за зелени финансии | Работилница за зелени финансии |
| **ИК5 Истражувачка дејност** | | |
| 6 | КГ | Организирање годишна средба на членките на Виенската иницијатива |
| 7 | КГ | Меѓународна конференција на високо ниво |

## Прилог 4

| ПРОЕКТИ ЗА РАЗВОЈ НА СОФТВЕР | | |
|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Орг. единица** | **Назив на програмската активност** |
| **СЦ1 Унапредување на инфраструктурата за водење на монетарната политика** | | |
| 1 | ДМПИ | Дополнување и унапредување на апликацијата на Анкетата за кредитната активност |
| 2 | ДФП | Мерки за модернизација и унапредување на поставеноста на оперативната рамка на монетарната политика - реформа на системот на задолжителна резерва |
| **СЦ2 Задржување и натамошно јакнење на стабилноста и отпорноста на банкарскиот систем** | | |
| 3 | ДФМ | Унапредување на КРИС и Исидора 2023 |
| 4 | ДФМ | Унапредување на Кредитниот регистар (воведување нови табели) |
| 5 | ДФМ | Унапредување на Кредитниот регистар (воведување нови полиња) |
| 6 | ДФМ | Унапредување на апликацијата за годишни сметки |
| 7 | ДВСЛ | Надградување на постојната апликација ЕРИ |
| 8 | ДВСЛ | Надградување на постојната апликација ЦРИС (англ. CRIS) |
| **СЦ3 Поддршка на населението и корпоративниот сектор преку развивање сигурни, иновативни и ефикасни платни системи** | | |
| 9 | ДПС | Надградба на апликацијата за спречување перење пари (AML) |
| 10 | ДПС | Преработка на апликациите РегНБРМ, СтатистикаПС, КИБС анализи и КИБС пребарување |
| 11 | ДПС | Развој и надградба на апликацијата SISX |
| 12 | ДПС | Унапредување на апликативното решение за платежната статистика |
| 13 | ДПС | Усовршување на наплатата на услугите извршени во Дирекцијата за платни системи |
| **СЦ5 Приспособување кон стандардите на Европскиот систем на централни банки** | | |
| 14, 15 | ДСТ | Воведување систем за известување од страна на Народната банка, банки, штедилници, за статистички и супервизорски цели (ИСИДОРА) (два проекта: за методологии и за развој на софтвер) |
| 16 | ДСТ | Активности за воспоставување систем за управување, чување, обработка и ракување со статистичките податоци, воспоставување податочен склад |
| **СЦ7 Финансиска едукација и инклузија** | | |
| 17 | ЗПФЕ | Изработка на апликативно решение за прием, шифрирање, архивирање и дистрибуција на поплаките од физичките лица и одговорите во врска со нив |
| **СЦ9 Зајакнување на управувањето со ризиците на ниво на Народната банка** | | |
| 18 | ДФСК | Воведување софтвер за интегриран сметководствен систем – главна книга |
| 19 | ДФСК | Работен случај за воведување податоци, конфигурација на обрасците и извештај за план во апликација планирање |
| 20 | ДФСК | Надградување на апликацијата за службени патувања |

| ПРОЕКТИ ЗА РАЗВОЈ НА СОФТВЕР | | |
|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Орг. единица** | **Назив на програмската активност** |
| 21 | ДФСК | Надградување на апликација за електронско потврдување фактури и други документи за плаќање (еФактури) |
| 22 | ДФСК | Преработување неколку апликации заради воспоставување Единствен регистар на сметки од Централниот регистар |
| 23 | ДФСК | Ново апликативно решение за излезни фактури |
| 24 | ДФСК | Надградба на апликацијата за интегрирано материјално работење (ИМР) |
| **ИК3 Информатички систем** | | |
| 25 | СИТ | Преработка на сервисот за увид во курсната листа на веб-страницата на Народната банка |
| **ИК4 Статистички податоци** | | |
| 26 | ДСТ | Унапредување на процесот на пресметување на пондерираните каматни стапки |
| 27 | ДСТ | Унапредување на интерните извештаи за директни инвестиции во екстерни статистики |
| 28 | ДСТ | Изготвување систем за прием на податоците за надворешнотрговската размена од новиот систем на Царинската управа на Република Северна Македонија |
| 29 | ДСТ | Рационализација на процесот на прибирање податоци за вложувањата во и од странство преку воведување електронско известување |
| 30 | ДСТ | Рационализација на процесот на прибирање податоци за кредитните работи со странство преку воведување електронско известување |

НАРОДНА БАНКА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА